Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Ријах Алили од с. Селце, Тетово УП2 09-91/24 од 20 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1509 од 27 декември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1509 од 27 декември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Ријах Алили од с. Селце, Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-91/24 од 20 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1509 од 27 декември 2023 година на КЕЦ Тетово, издадено поради неподмирен долг.

Според Електродистрибуција – во потврдата за легализација се гледа дека објектот е изграден во 2011 година и од контролата направена од надлежната служба на терен утврдено е дека објектот имал приклучок, но на името Имери Назми.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 18 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-91/24 од 20 февруари 2024 година со прилог:

-Имотен лист
-Приговараното Решение
-GIS скица
-Извод од план
-Слики од терен
-Приговор
-Потврда дека Назми Алили (бивш) од с. Селце, Тетово има поднесено Барање за легализација на бесправно изграден објект

2. дополнителни докази од ЕВН од 29 февруари 2024 година со прилог:
-Листа на отворени задолжувања од 28 февруари 2024 година
-Барање за согласност за приклучок

и на седницата се заклучи Приговорот да се разгледа на наредната седница со физичко присуство на двете страни, при што на 26 март 2024 година Приговорот повторно беше разгледуван.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 35 став (1) точка 5) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога корисникот има неплатени обврски кон ОДС и/или снабдувачот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не корисникот има неплатени обврски кон ОДС и/или снабдувачот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–91/24**
**29 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**